# Информација за воведување на нови профили на дигитални сертификати од КИБС АД Скопје

За потребите на доставување на декадни извештаи од реализираниот промет од менувачко работење извештаи, потребно е овластените менувачи да поседуваат дигитален сертификат издаден од овластен издавач на дигитални сертификати во Република Северна Македонија. Имајќи го ова во предвид, ве информираме за направените модификации во апликацијата од страна на Народната банка, кои се резултат на измената на законската регулатива.

Од страна на овластениот издавач на дигитални сертификати КИБС АД Скопје, добиено е известување дека почнувајќи од септември 2020 година, ќе биде прекината поддршката и издавањето на дигитални сертификати кои се издаваа во текот на изминатите години.

Согласно со измените во законската регулатива и имплементација на европската регулатива која се однесува на електронски документи, електронска идентификација, доверливи услуги, податоци во електронски облик и електронски потпис, овластениот издавач на дигитални сертификати КИБС АД Скопје, наместо постојните сертификати, ќе започне со издавање на нова палета на дигитални сертификати, во кои се имплементирани повисоки стандарди за информатичка безбедност.

Во апликацијата за прием на декадни извештаи од овластените менувачи извршени се потребните модификација со цел прилагодување на истата и е овозможено препознавање и користење на новите сертификати на КИБС од страна на овластените менувачи, во насока на нивно непречено понатамошно известување преку апликацијата по 1 септември 2020 година.

Модификациите да се извршени според спецификациите за новите видови сертификати, дадени од страна на КИБС АД Скопје, како овластен издавач на дигитални сертификати. Со модификацијата на постојна апликација, воведена е контрола на ознаката на државата, односно дозволени се единствено сертификати кои ја содржат ознаката МК.